Стијепо ОБАД

# ДАЛМАТИНСКИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ПАДОВА

Во овој труд ќе направиме кус осврт на далматинските студенти на универзитетот во Падова во деветнаесеттиот век, или поточно речено од 1797 година, кога Австрија ја запоседнува северна Италија, па до 1866 година, кога дефинитивно ја напуштила. Главно ќе се задржиме на три прашања, кои со оглед на расположливите извори, ни се чинат најинтересни. *Прво,* од кои причини далматинските студенти оделе на студии во Падова; *второ,* каква била нивната етничка и социјална структура; и *трето,* културното и идеолошкото влијание што студентите го пренесувале од Италија во Далмација. Пред да пристапиме кон анализа на поставените задачи, накусо ќе се осврнеме врз основните карактеристики на далматинското општество во деветнаесеттиот век.

До деветнаесеттиот век Далмација претставува изразито феудална земја со неразвиено градско стопанство, колонатски и кметски односи во аграрот и со феудални институции во управата. Во склад со тоа заостанувало и образованието, посебно световното, немало модерни средни училишта и универзитети, така што нејзината световна и црковна интелигенција, главно се школувала на странските универзитети, па и на тие во Италија.[1]) Бидејќи не била во можност да ги подмири сите потреби на населението со домашни производи, била присилена да увезува мануфактурна и индустриска стока од развиениот европски запад, како и земјоделски и сто-

[1]) M. D. Grmek, Hrvati i sveučilište u Padovi, Ljetopis JAZU, knj. -2, Zagreb 1957; Истиот, Inauguralne disertacije, hrvatskih, srpskih i slovenačkih liječnika (1660—1865), Starine knj. 43, Zagreb 1951; Sebenicesi allo Studio di Padova dal secolo XV al XVIII, Il Nuovo Cronista di Sebenico per l'anno 1895, Trieste 1895, pagg. 92—99; Sebenicesi allo Studio di Padova dallo scorcio del secalo XVII a tutto il XVIII, il Nuovo Cronista di Sebenico, Trieste 1896, pagg. 88—91.

чарски производи од гравитационата турска позадина, кои со карвани стигнувале до приморските градови, а нивните вишоци доспевале и до италијанските јадрански градови, посебно до Трст.

Во деветнаесеттиот век Далмација се наоѓа во рамките на три странски доминации: австриска (1797—1805), француска (1806—1813) и втората австриска (1814—1918). Во далматинското општество бил присутен длабок општествен јаз помеѓу селото и градот, сиромасите и богатите. На едната страна се наоѓал привилегираниот олигархиски слој, кој ја имал економската моќ и политичката власт, како од домашно така и од странско потекло, а на другата страна градската и селската сиромаштија од словенско, односно хрватско и дел од српско потекло. Класните спротивности меѓу селото и градот и внатре во самите градови, биле присутни во текот на целото столетие. За времето на француската управа започнува буржоаската преобразба на Далмација која е успорена за времето на австриската доминација, за да по 1848 година, постапно премине во капиталистички производствени односи, првобитна акумулација на капиталот и скромно индустриско производство.[2])

За сите три периоди на странска управа јакне управниот и судскиот апарат, посебно во времето под Австрија,[3]) познато по развиениот правен систем. Бирократијата била во основите на политичкиот систем и претставувала столб на апсолутистичкиот режим. Од тие причини се чувствувала потреба за правници, судии и адвокати. Инаку, управните и судските органи уживале привилегирана положба, имале поданички чувства, полни раце работа околу организирањето на управната и судската власт, во граѓанските парници, прогонувајќи ги слободните ѕидари (масони), ретките карбонари,[4]) либерали, следбеници на илиризмот и симпатизери за обединување на хрватските подрачја. Покрај управата и правосудството се развиваат и здравството и средното образование, така што покрај правници се барале лекари и професори за потребите на три-

---

[2]) D. Foretić, O ekonomskim prilikama u Dalmaciji u drugoj polovici XIX stoljeća do prvog svjetskog rata, zbornik Hrvatski narodni preporod u Dalmaciji i Istri, Matica Hrvatska, Zagreb 1969, 9—45; Društvene prilike u Dalmaciji od polovice XIX stoljeća do prvoga svjetskog rata, исто 46—76; I. Karaman, Sastav i socijalno-ekonomska djelatnost dalmatinskog građanstva u šezdesetim i sedamdesetim godinama 19. stoljeća, Во книгата Privreda i društvo Hrvatske u 19. stoljeću, Institut za hrvatsku povijest, Zagreb 1972, 115—138; Истиот, Problemi privrednog razvitka Dalmacije pod austrijskom upravom, исто 266—289.

[3]) V. Maštrović, Razvoj sudstva u Dalmaciji u XIX stoljeću, Radovi Instituta JAZU u Zadru, Zagreb 1959, 18—75.

[4]) A. Ostoja, La carboneria e le sette segrette in Dalmazia e in Istria (1813—1824), Atti e memorie della Societa dalmata di storia patria, vol. VII, Roma 1970, 15—224. Usp. S. Obad, O karbonarima u Dalmaciji, Zadarska revija br. 1 1975, 96—99.

те гимназии во Задар, Сплит и Дубровник. Во склад со недоволно развиеното земјоделство помалку се барале агрономите, инженерите, ветеринарите и другите занимања, до шеесетите години на векот. Комплексот на политичката потчинетост се одразувал и во духовната надградба, во скромната литературна, музичка и ликовна продукција. Во Далмација во тој период се управува, суди, предава, пишува, печати и зборува, посебно во повисоките слоеви на градското општество, на италијански јазик. Далматинските студенти подобро го познавале италијанскиот книжевен јазик од хрватскиот така што на италијанските универзитети лесно можеле да ги следат научните и културните достигнувања на европскиот запад.[5]) Во времето на хрватскиот народен препород во Далмација, во шеесеттите години на деветнаесеттиот век, италијанскиот службен јазик постепено бил заменуван со хрватскиот, посебно во книжевното творештво кое својот врв го достигнува во времето на хрватската модерна.

Бидејќи во Далмација, до доаѓањето на француската управа, немало настава на универзитетско ниво, нејзините студенти главно заминувале на италијанските универзитети во Падова, Павио, Лорето, Венеција, Болоња, Рим и други. Причините за тоа треба да се бараат во повеќевековната традиција, истата политичка заедница, релативната географска близина, доброто познавање на јазикот од страна на далматинските ученици, високиот квалитет на наставата што ја пружал посебно универзитетот во Падова во рамките на Хабзбуршката монархија.

За да се извлече од заостанатоста и да мине од феудален на граѓански начин на живеење на Далмација и биле потребни, покрај останатото и висококвалификувани кадри што таа ги немала, ниту пак можела да ги пополни, а кои се школувале на универзитетите во Монархијата а посебно во Падова. Затоа францускиот генерален провидур во Далмација, Италијанецот Венценцо Дандоло во Задар (1806) основал Лицеј кој прераснува (1810) во тнр. Централно училиште на ниво на универзитет.[6]) Покрај студии од областа на правото и медицината Дандоло предвидувал и други стручњаци кои требало да помогнат во стопанскиот просперитет на Далмација. Така, 1811 година дваесетиеден студент стекнале дипломи од областа на медицината, фармацијата, архитектурата, географијата, правото и теологијата.[7]) Поради недоволните финансиски средства

[5]) M. Zorić, Romantički pisci u Dalmaciji na talijanskom jeziku, Rad JAZU, knj. 357, Zagreb 1971, 353—469.

[6]) Visoko školstvo u Zadru tijekom devetnaestog stoljeća, Radovi Razdio društvenih znanosti (6), 1975/1976. Filozofski fakultet, Zadar 1976, 401—410.

[7]) Исто, 409.

и воените прилики, Централното училиште во Задар престанало да работи во 1811 година, така што далматинските студенти продолжуваат и натаму да студираат на италијанските универзитети, а најмногу во Падова.

Во изменетите политички прилики за Австрија, далматинските студенти, покрај Падова одат да студираат и во Беч и Грац. Сепак, поголемиот број ученици кои завршувале гимназија во Задар, Сплит и Дубровник, ги продолжувале своите студии во Падова. Еве како изгледала структурата на студиите од 1829 до 1834 година. Тие години, земено воопшто, Далматинците повеќе студирале право отколку медицина, а само еден студирал техника и тоа во Беч. Во 1829 година во Падова студирале дванаесет студенти, следната година исто толку, 1831 8, колку што студирале и следната, а 1833 година 4 и 1834 година 6 студенти. Останатите студирале во Беч, Грац, Павио, Венеција и на други универзитетски центри. Имало и такви студенти кои започнувале да студираат право или медицина во Беч, или Грац, а студиите ги завршувале во Падова.[8])

Револуционерните превирања на Апенинскиот полуостров во првата половина на векот, поттикнувачки делувале и врз далматинските студенти, па затоа австриските власти ги одвратувале од студирањето во Падова и останатите универзитетски центри. Била дозволена и можноста за вонредно студирање и подготвување испити кај приватни инструктори, но сепак најголемиот број Далматинци студирале редовно. Иако за студирањето можеле да се добијат и стипендии, на пример од фондот Conte Veter de Lilienberg[9]), редовното студирање во Падова било доста скапо, посебно за децата од посиромашните семејства, така што определени далматински општини (1843) упатиле барање до Беч за обновување на редовните студии во Задар, како што тоа било во времето на француската управа. Дури по повторената молба од страна на општината во Задар (1847) Беч дозволил да се отвори Завод за приватни правни студии (1848).[10]) На домашните студенти тогаш им се придружиле и студентите кои студирале на останатите универзитети во Монархијата, па и тие од Падова, поради револуционерните превирања во овие земји. Задарските студенти во наставата се служеле со прирачници и белешки што ги користеле редовните студенти од Падова. Испитите ги полагале пред посебно формирана комисија што ја сочинувале најпознатите правници во Далмација и истите им се признавале како да би-

---

8) Historijski arhiv Zadar (натаму HAZd), Predsjednički spisi Namješništva za Dalmaciju, 1834, III/11/10, br. 2371.

9) HAZd, Štampe 1840.

10) Š. Peričić, Privatni zavod za pravni studij i pokušaji osnivanja Pravne akademije u Zadru, Zadarska revija br. 4 1967, 302 i Privatni studij prava u Dalmaciji u prošlom stoljeću, Odvjetnik, br. 6—7 1968.

ле полагани на правните факултети во Монархијата. По победата на контрареволуционерните сили во Монархијата, далматинските студенти повторно се вратиле на матичните факултети, така што приватните правни студии во Задар биле укинати во 1851 година.

Педесеттите и шеесеттите години Далматинците и понатаму студираат во Падова и тоа како медицина така и право и хуманитарни и егзактни науки, но одат и во Беч и Грац, посебно тие кои подобро го познавале германскиот јазик. Исто така и понатаму имало вонредни студенти кои се подготвувале кај приватни инструктори. Поради потребите од правници, посебно во времето на неоапсолутизмот, кога особено се засилил управниот и судскиот апарат и бирократијата во целина, задарската општина побарала од надлежните власти во Беч формирање постојана универзитетска институција (Правна академија) во Задар, по примерот на истите во Братислава и во Загреб. Австриските власти го одолговлекувале ова барање за формирање Академија во Задар и дефинитивно го одбиле.[11]) По 1866 година кога Австрија е дефинитивно истерана од северна Италија далматинските студенти сè поретко одат на студии во Падова и останатите универзитети во Италија, посебно по обединувањето на Италија во 1870 година. Студентите кои се подготвувале приватно оттогаш испитите ги полагале на некој од универзитетите во Австрија. Од тој период односно од седумдесеттите години далматинските студенти такаречи исклучиво студираат на универзитетите во Австрија и Унгарија, во Беч, Грац, Инсбрук, Пешта, Прага, а од отворањето на свеучилиштето во Загреб (1874), сè повеќе одат и во овој град[12]). Иако не постоеле јазични бариери во Загреб имало релативно малку Далматинци поради тоа што испитите положени во Загреб не биле признавани во Цислајтанија. Залудни биле дискусиите и барањата во Далматинскиот сабор и во бечкиот парламент, бидејќи до дефинитивното распаѓање на Австро-Унгарската монархија ништо порадикално не се изменило.

Националната и социјалната структура на далматинските студенти на универзитетот во Падова бил следниот: во Падова оделе на студии студенти од хрватско и италијанско потекло и многу ретко од српско. Во втората половина пак, сè повеќе Хрвати. Тоа било главно синовите на племството и граѓанството, значи од поимотните слоеви во градското население. Во втората половина на векот социјалната структура на студентите се изменила во полза на граѓаните. Во споредба со останатите нации далматинските студенти по ништо не заостанувале,

---

[11]) Š. Peričić, Privatni zavod za pravni studij i pokušaji osnivanja Pravne akademije u Zadru, 311.

[12]) D. Mangjer, Dalmacija i hrvatsko sveučilište, Obzor br. 123 1934. Види HAZd, Misc. XV, Poz. 47 i 48

што може добро да се види и од нивните резултати, односно успехот во студирањето, по значајниот број универзитетски наставници кои потекнувале од Далмација, меѓу кои посебно се истакнувал Роберто Висаини, ботаничар по потекло од Шибеник, како и бројните докторати.[13]) Од 1823 до 1865 година докторирале 63 лекари. До 1850 година просечно стекнати се повеќе докторати отколку во периодот 1851—1865. Покрај универзитетот во Падова Далматинците се стекнувале со докторати и на останатите универзитети во Монархијата.

Во столетните културни односи на двете земји далматинските студенти граделе мост во културното поврзување на Хрватите и Италијанците. Покрај Болоња, Рим, Павио, Лорето, Пиза, Венеција и останатите универзитети, Падова претставува средиште на стручното усовршување на хрватските лекари, правници и професори од Далмација. Тој универзитетски град уживал најславни студентски традиции. Во културната историја на Хрватска, универзитетот во Падова има голема улога. Значаен број од световната и црковната интелектуална елита во деветнаесеттиот век, студирала во Падова. Многу далматински уметници, лекари и професори со гордост зборуваат за италијанската култура и јазик. Ќе цитираме дел од биографијата на познатиот хрватски преродбеник Коста Војновиќ, бивш студент по право на универзитетот во Падова. Покрај другото се наведува и следното: „L'Italia ha più titoli al mio affetto, che tutte le altre provincie del'Universo, che la mia patrria stessa. Poichè se guesta mi fu madre nacqui, e passai, la mia infanzia nel suo seno, l'Italia mi fu tale nella vita intellettiva, morale, ed altra. E come no? Tasso, Ariosto, Dante, Manzoni, Monti, Alfieri infiamanarono il mio affetto, riscaldarono la mia immaginazione. Tullio, Tacito, Cesare, Boccaccio, Segneri, Gioberti, Manzoni, Perticari informarono il mio intelletto, e il mio cuore. Dall'Italia ogni grande pensiero, ogni sublime sentimento io debbo. (...). E che voi pretendereste, consori severi, che tutto'l mio cuore, che tutto'l mio intelletto, fosse per una terra, che non, ha storia, che oscura, non ha antichità che verpogna, non ha vita, se non serva, non ha glorie, sche poche, non ha mounumenti che di servitû"[14]).

Италијанското движење делувало поттикнувачки врз далматинските студенти преку карбонарското движење „Млада Италија" во времето од четиресетиосмата до шеесетите години.

---

[13]) M. D. Grmek, Inauguralne disertacije hrvatskih, srpskih i slovenačkih liječnika (1660—1865) i Hrvatski medicinari u Padovi, Liječnički vjesnik 70/1954, 154—156. Види L. Glezinger, Medicinski fakultet u Padovi i Hrvati, Liječnički vjesnik 72/1950, 251—255, Usp. Univerza u Padovi, Novo doba br. 125 1922, 2.

[14]) Nacionalna i sveučilišna biblioteka, Zagreb, Trezor, Ostavština Koste Voinovića, R. 5641.

Италијанските универзитети па и падованскиот, биле средишта на општествените превирања. Така некои студенти биле задржувани и во Далмација, бидејќи учествувале во студентските немири во Италија по повод јунската револуција во Франција.[15]) Така една група падовански студенти, задоена со идеите на европскиот либерализам и панславистичкиот дух ја поздравувале илирската идеа (1843) и собирањето околу заедничкиот јазик и правопис.[16]) Далматинските студенти ги пренесувале идеите на италијанските преродбеници на далматинското тло, така што италијанското движење одиграло пресудна улога во формирањето на идеологијата на народното преродување во Далмација. Покрај историското право, поранешните падовански студенти, биле поборници и на природното право кога станува збор за обединувањето на хрватскиот народ.

И на крајот да заклучиме. По паѓањето на Млетачката република, во изменетите политички прилики во деветнаесеттиот век, далматинските студенти стекнуваат универзитетско образование на австриските, но и по веќе добро утапканата традиција и на италијанските универзитети, посебно во Падова. Кремот на далматинската интелигенција од хрватско и италијанско потекло, како и оние на кои им одело пишувањето, граделе мост во поврзувањето на двете обали, преку кој течеле научните и културните достигнувања, либералните и политичките идеи на западна Европа. Повеќе стотици лекари, уметници, професори, доктори на науки и универзитетски професори, образовани на универзитетот во Падова, во значителна мерка придонеле за просветниот, културниот, книжевниот, здравствениот, научниот и политичкиот развиток на Далмација. Најистакнатите меѓу нив како да носеле во себе некое двојство, имено се гордееле со својата италијанска култура и со словенското потекло.

Постапните општествени промени во текот на деветнаесеттиот век во далматинското градско општество имале свој одраз и врз социјалната и националната структура на посетителите и тоа во корист на студентите од граѓанските слоеви со хрватско потекло. По обединувањето на Италија состојбата битно се изменила. Падова престанала да биде атрактивна универзитетска средина за далматинските студенти, туку тоа постануваат австриските и унгарските универзитети, а посебно новоотвореното свеучилиште во Загреб. Во историјата на хрватско-италијанските односи и контакти, универзитетот во Падова, судејќи по сè зазема значајно место.

---

[15]) HAZd, Misc. 160, P. 17, br. 2371/pp od 6. XI 1934.

[16]) Horvat i. — Ravlić J., Pisma Ljudevitu Gaju, za povijest književnosti Hrvatske knj. 26, Zagreb 1956, 302—403.

Stijepo OBAD

## DALMATIAN STUDENTS OF THE UNIVERSITY OF PADOVA

### Summary

Up to the establishment of the University of Zagreb (1874) the students from Dalmatia used to study on different European universities, especially in Italy, beginning from the Middle Ages up to the union of Italy in 1870. The Dalmatian students were mostly attracted by the Padova University where a lot students used to study medicine or to became professors, and in the ninteened century more lawers as the well—aranged legal system was in need of educated lawers for the needs of the administration and judiciary. Through the mentioned profiles of high educated experts we might say that in Dalmatia was slowly developing the process of modernisation, in regard to the industrial revolution as the technical and natural sciences were not fasnioned. According to the social composition there were mostly sons from the richest families, citizens and the rest of aristocracy, mostly from the town than village societies of Dalmatia. Receiving education of the sources of Italian and west European culture, they used to bring west—European culture, especially the messages of the Italian Risorgiment. After the union of Italy the Dalmatian students mostly used to attend Austrian universities, and after that they come to study at the University of Zagreb.